Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за покренување иницијатива
Државното средно музичко училиште во Битола
да го носи името Тодор – Тоше Проески

1. Ја објавувам Одлуката за покренување иницијатива Државното средно музичко училиште во Битола да го носи името Тодор – Тоше Проески, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/1
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за покренување иницијатива Државното средно музичко училиште во Битола да го носи името Тодор - Тоше Проески

### Член 1

СЕ покренува иницијатива Државното средно музичко училиште во Битола да го носи името Тодор - Тоше Проески.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2886/3
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање усното информирање
на членовите на Советот од страна на Градоначалникот
за извршување на неговите надлежности за периодот јануари-јуни
и за извршување на одлуките донесени од Советот за периодот
јануари-јуни 2008 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање усното информирање на членовите на Советот од страна на Градоначалникот за извршување на неговите надлежности за периодот јануари-јуни и за извршување на одлуките донесени од Советот за периодот јануари-јуни 2008 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/2<br>
26.09.2008 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 56 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање усното информирање
на членовите на Советот од страна на Градоначалникот
за извршување на неговите надлежности за периодот јануари-јуни
и за извршување на одлуките донесени од Советот за периодот
јануари-јуни 2008 година

1. Членовите на Советот на Општината беа информирани од страна на Градоначалникот за извршување на неговите надлежности за периодот јануари-јуни и за извршување на одлуките донесени од Советот за периодот јануари-јуни 2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2886/4
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општината Битола и соседните општини од страна на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општината Битола и соседните општини од страна на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/3
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.05/02" ) и член 16 и 70 , од Статутот на Општина Битола, ( "Службен гласник на Општина Битола бр.10/05") , Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 24.09. 2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за снабдување со вода за пиење управување,изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на Јавното комунално претпријатие "Водовод" Битола

### I . ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредуваат условите и начинот за снабдување со вода за пиење, изградба, одржување, реконструкција, заштита и приклучување и прекинување на водоснабдувањето, на подрачјето на општината Битола и соседните општини кои се снабдуваат со вода за пиење.

Изградба на водоснабдителен систем се врши на начин и услови определени со закон, оваа одлука и програмата за уредување на градежното земјиште на општина Битола.

Член 2

Одделните поими употребени во оваа одлука го имаат следното значење:

1."Дavател на услугата" е Јавното Комунално Претпријатие "Водовод"-Битола, основано од општина Битола, кое ги исполнува условите за вршење на дејноста согласно законот.
2."Корисник на услуга' е правно или физичко лице, сопственик на станбен, деловен, производствен, административен и на нив сличен објект вклучувајќи го и куќниот совет приклучен на водоводната мрежа.
3."Водоснабдителен систем" е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафати(места каде давателот на услугата зафаќа површинска или подземна вода) резервоари, објекти за обработка на вода, пумпни и хлоринаторски станици, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок , заедно со придружните објекти и опрема за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.
4."Водоводна мрежа на корисникот на услугата" е од главниот водомер на водоводната мрежа и целокупната водоводна мрежа на корисникот на услугата.
5."Водоводен приклучок" е водоводна цевка од уличната мрежа односно од регионалниот водоснабдителен систем до водоводниот вентил ( затварач) пред главниот водомер на водоводната шахта.

6.”Водомерна шахта” е објект на корисникот на услугата во која се монтира (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок.
7.”Снабдување со вода за пиење” е зафаќање, обработка и дистрибуција на водата за пиење преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.
8. “Вода за пиење” е секоја вода во својата првобитна состојба или третман наменета за конзумирање од страна на човекот, готвење, подготовка на храна или за други домашни намени , без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа на Давателот на услугата или од цистерна.
9.”Водомерна арматура” е збир на фазонски делови кои се наоѓаат меѓу вентилот на Корисникот на услугата и вентилот на Давателот на услугата и се користат за вградување и демонтирање на водомерот.

Член 3

Давателот на услугата обезбедува целосна документација за водоснабдителниот систем заради воспоставување на подземен катастар.

Член 4

Пред добивање одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, инвеститорот е должен да прибави потврда од Давателот на услугата, дали постои или не постои водоводна мрежа под објектот за кој се однесува решението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа.

Доколку постои водоводна мрежа под објектот, или на растојание од 1 м од надворешниот зид на објектот за кој се бара одобрението во ст.1 од овој член, инвеститорот е должен да изврши реконструкција ( изместување на водоводната мрежа на негова сметка, а по предходно добиени хидротехнички услови од Давателот на услугата.

Член 5

Снабдувањето со вода за пиење на правните и физичките лица на подрачјето на општината Битола и соседните општини поврзани на водоснабдителниот систем до мерниот инструмент-главниот водомер го врши Давателот на услугата.

Член 6

Давателот на услугата е должен да го снабдува Корисникот на услуга со чиста и здравствено хигиенска вода за пиење, редовно и непрекинато.

За да може Давателот на услугата редовно да ги снабдува корисниците со доволна количина на здрава и исправна вода за пиење, должен е;

1. Непрекинато да го одржува во исправна состојба водоснабдителниот систем
2.Да ги изведува работите на приклучувањето кон јавната водоводна мрежа.

3.Да ги спроведува санитарно, хигиенските услови потребни за добивање на квалитетна вода за пиење, согласно законот и правилникот за здравстена и хигиенска исправност на водата.

Член 7

Во случај на појава на технички и други пречки на објектите и инсталациите за снабдување со вода, Давателот на услугата е должен да ги извести потрошувачите за прекинот како и за времетраењето на истиот.

Известувањето на потрошувачите од предходниот став на овој член, давателот ќе го врши преку средства за јавно информирање и Дирекцијата за заштита и спасување ПЕ Битола .

Член 8

Водоводната мрежа на корисникот на услугата се приклучува со уличната водоводна мрежа на водоснабдителниот систем преку водоводен приклучок од страна на Давателот на услугата на начин и услови определени од Давателот, на товар на корисникот.

Во случај на рекоснструкција на водоводната мрежа, трошоците за повторно приклучување на истата , паѓаат на товар на Корисникот на услуга.

Доколку работите од предходниот став ги врши друг изведувач, тогаш надзорот го врши Давателот на услугата.

Член 9

Заради заштита и спречување на оштетувања на водоводната мрежа од водоснабдителниот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- приклучувањее на водоводната мрежа без одобрение за приклучување издадено од Давателот на услугата
- поврзувцање на водоводната мрежа на Корисникот на услугата, кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок
- бесправно користење на вода пред водомер
- приклучување на водоснабдителен и друг вид на објект на водовдната мрежа кои немаат одобрение за градење
- самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност од Давателот на услугата.

Член 10

Над водоводната мрежа испустите и приклучоците не смеат да се лоцираат никакви објекти (постојани или времени).

Член 11

Заради нормално одржување и отстранување на дефектите на водоводната мрежа и приклучоците над кои има затекнато објекти , односно што минува низ земјиштето доделено на трајно користење, односно управување , Давателот на услугата има непречено право на изведување на работите.

По завршувањето на работите , Давателот на услугата е должен да го доведе земјиштето во првобитна положба и да ја надомести евентуалната штета .

Член 12

Квалитетот на водата од водоводната мрежа мора да ги исполнува нормите утврдени со санитарно-хигиенските прописи од правилникот.

За исправноста и квалитетноста на водата се грижи и одговара Давателот на услугата.

## II. ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ОД ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

Член 13

Водоснабдителниот систем на Давателот на услугата се состои од објекти и инсталации за водоснабдување а тоа се :

- Изворите, сливовите, зафатите, довод на канали, доводни цевководи, Пречистителни станици, Пумпни станици, Резервоари, примарна и секундарна мрежа.

Со објектите и инсталациите за водоснабдување, сливовите и изворите, зафатите на БХЕЦ “Сапунчица”, “Црвена Река” и “Лак Поток”; Пумпната станица Дихово и Довлеџик, филтерската станица с.Дихово, сите постојни резервоари за вода, сите водоводни линии до приклучоците-главните водомери на корисниците и јавните чешми и фонтани, управува и ги одржува Давателот на услугата.

Зафатите на реките од алиментациониот канал и Доводниот канал од ХМС “Стрежево” до пумпната станица Довлеџик управува и ги одржува ХМС”Стрежево”-Битола

Куќните хидрофорни постројки не се сметаат како објекти од јавен карактер и нив давателот не ги одржува.

Изградените селски водоводи на подрачјето на Општина Битола кои не се приклучени кон градската водоводна мрежа, не се сметаат за водоснабдителни објекти и нив Давателот на услугата не ги одржува.

По исклучок, доколку истите ги исполнуваат предвидените услови, Давателот истите може да ги прими на управување и одржување, но само со предходно склучени договори.

Член 14

Водоснабдителен или друг водоводен систем изграден со средства на граѓаните, домашни и странски донатори или други корисници со договор се отстапуваат на управување на Давателот на услугата и истите претставуваат целина на единствениот водоснабдителен систем на Давателот на услугата

Објектите и инсталациите што ги финансираат месните заедници или групи граѓани, правото на приклучување кон истите се регулира со посебен договор помеѓу Давателот на услугата и месните заедници, односно граѓани.

Проектантските организации се должни пред изготвување на проектот за водоснабдување, предходно да бараат согласност од Давателот на услугата за условите на приклучување на објектот кон градската водоводна мрежа.

Доколку со изведбениот проект за водоснабдување на објектот не е определено местото на приклучување кон градската водоводна мрежа, Давателот на услугата ќе даде техничко решение под кои услови објектот ќе биде приклучен кон градската водоводна мрежа, а на сметка на инвеститорот.

Член 15

Приклучувањето кон градската водоводна мрежа се врши врз основа на решение од страна на Давателот на услугата.

Доколку со изведбениот проект не е одредено приклучувањето за изведување на приклучокот, Давателот услугата издава скици, ги одредува условите за изведувањето на приклучокот и ја одредува димензијата на водомерот.

Член 16

Работите за приклучувањето ( земјените работи, шахти и сл. ), можи да ги изведува и корисникот, додека непосредното приклучување кон водоводната мрежа ќе го изврши Давателот на услугата.

Доколку работите на изведениот приклучок, што ќе ги изведе корисникот не одговараат на условите одредени со решението , Давателот на услугата ќе го одбие непосредното приклучување се до отстранувањето на констатираните недостатоци.

Со приклучувањето, Давателот на услугата и инвеститорот се должни да извршат испитување на инсталациајта под притисок како и да извршат дезинфекција на истата во објектот.

Член 17

Водомерната шахта треба да биде изградена спрема одредбените градежни норми, се обезбедува скала и капак кој непречено може да се подига, така да ако овие норми не се исполнети, надоместокот паушално ќе се пресметува до создаввање услови за нормално читање на водомерот во спротивно ќе се прекрати со испорака на вода во смисла на чл.48 од оваа Одлуката.

Член 18

Во станбените и деловните згради со различни категории на корисници на вода, корисниците се должни да имаат посебни водомери.

Член 19

Куќните хидрофори неможат да се поврзуваат директно со уличната водоводна мрежа.

Зградите што треба да се снабдуваат со вода по пат на хидрофори треба да имаат резервоари што ќе бидат поставени зад водомерот, од кој хидрофорите црпат вода.

Член 20

Трошоците за работите на приклучокот на водоводната мрежа паѓаат на товар на инвеститорот.

Член 21

Приклучокот кон водоводната мрежа по правило е постојан.

По исклучок приклучокот на водоводната мрежа може да биде времен.

Член 22

Времен приклучок може да се одобри само во дадените случаеви:

1.За изградба на градежен објект, довршување на објектот, односно додека не се стекнат услови за постојан приклучок.

2.Доколку на улицата на која се наоѓа објектот не е изградена водоводна мрежа, а технички е можно да се изведе приклучокот од соседниот имот или друга улица, до изградувањето на водоводната мрежа на таа улица.

Член 23

Временоит приклучок останува се додека не се создадат услови за траен приклучок, за што корисникот е должен во рок од три месеци на своја сметка да постави траен приклучок.

Временоит приклучок мора да има водомер.

## III. ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

Член 24

Приклучувањето на објектите на водоводната мрежа се врши поодделно и непосредно од уличната водоводна мрежа.

По исклучок ако на улицата не е предвидена изградба на уличната водоводна мрежа може да се одобри приклучок од приклучокот на соседните објекти.

Во смисла на предходниот став од овој член, Давателот на услугата ќе изврши приклучување на приклучокот, откако барателот ќе достави докази дека ги расчистил имотно-правните односи со корисникот на земјиштето , од каде што треба да се изврши приклучувањето на градската водоводна мрежа, односно корисниците на земјиштето низ кое треба да мине водоводната линија.

За приклучувањето на водоводната мрежа, како и за поправка и одржување на водомерите, инвеститорите плаќаат надоместок кој се утврдува врз основа на тарифа-ценовник кој ги изготвува Давателот на услугата, врз основа на постојните законски прописи а по согласност од Советот на Општина Битола.

Член 25

При реконструкција на градската водоводна мрежа, Давателот на услугата ги изведува и промената на приклучоците .

Промената на приклучоците се изведува за сметка на сопственикот или корисникот.

Член 26

Врз основа на писменото барање од сопственикот, односно носителот на станарското право, одобрение за поставување на водомер донесува Давателот на услугата, откако предходно ќе утврди дали има услови за поставување на таков водомер.

Член 27

Во зградите со повеќе станови потрошената вода се евидентира преку заеднички водомер на зградата, односно влезот.

Во станбени згради и станбени деловни згради со различни категории на коросници на услуги како и во деловни индудтриски објекти кои ги користат повеќе корисници, секој корисник е должен да има посебен водомер

Во зградите со повеќе станови каде што сите станови имаат посебни водомери евидентирањето на потрошената вода се врши преку посебните водомери, така да секој носител на станарското право добива сметка за потрошена вода.

Во колективна станбена зграда посебните водомери служат за контрола и мерење за учество во вкупната потрошувачка на водата искажана преку главниот водомер на приклучокот на станбената зграда.

Главниот и посебниот водомер се единствено мерно средство за мерење на потрошувачката на вода на корисникот на услугата во поглед на фактурирањето.

Разликата за вкупната количина на потрошена вода од посебните и главните водомери ја сносат солидарно сите носители на станарското право од тој влез или зграда.

Во случај еден или повеќе носители на станарското право од зградата или влезот на истата не постават посебен водомер, истите ќе плаќаат надоместок за потрошена вода по 15 м3 месечно по член на семејството, се додека не постават посебен водомер.

Во случај кога правно или физичко лице неовластено ќе се приклучи на водоснабдителниот систем, ќе се применат соодветни мерки кои ќе бидат утврдени со акт на Давателот на услугата.

## IV. ОДРЖУВАЊЕ НА МРЕЖАТА И ПРИКЛУЧОЦИТЕ

Член 28

Одржувањето на објектите и инсталациите за водоснабдувањето го врши Давателот на услугата.

Давателот на услугата го одржува водоводниот приклучок на корисникот и тоа:

- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го и првиот затворач-вентил пред водомерот кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот-локацијата ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или истата е сместена во подрумски простории.

- Водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект ако главниот водомер се наоѓа во објектот-колективна станбена зграда;

- Водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го првиот затварач-вентил пред водомерот ако водомерната шахта се наоѓа пред колективната станбена зграда.

Потребата од замена на одредени делови од приклучокот, а поради дотраеност на истите, паѓаат на товар на Корисникот на услуга.

Одржувањето на водоводната мрежа на Корисникот на услугата е на негова сметка

Во случај на дефект на водоводната мрежа која поминува низ имотот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на Давателот на услугата непречено отстранување на дефектот.

Член 29

Во случај кога Давателот на услугата утврди застарен тип на водомер кој не може да се поправи и баждари, сопственикот е должен да го замени во рок од три месеци по добивањето на писменото известување од страна на Давателот на услугата.

До поставувањето на исправен водомер корисникот ќе плаќа надоместок за потрошена вода просечно месечно онолку колку што плаќал во предходните три месеци,а по истекот на трите месеци , ќе плаќа по 15 м3 месечно по член во наредните 3 месеци. По тој рок Давателот на услуга има право да го замени водомерот на сметка на корисникот на услуга.

По барање на странката, Давателот на услугата е должен да да му го замени водомерот на негова сметка.

Член 30

Одржувањето на заедничките (главните) водомери, како и посебните водомери го врши Давателот на услугата со надоместок.

Одржувањето на водоводната мрежа од заедничкиот водомер до посебниот водомер како и инсталацијата во станот-куќата го врши Корисникот на услуга.

Член 31

Корисникот на услуга е должен веднаш да го извести Давателот на услугата за секаков настанат дефект на водоводниот приклучок и на водоводната шахта.

По добивањето на известувањето Давателот на услуга е должен да превземи мерки за отстранување на дефектот. По исклучок , ако се работи за дефект од поголем размер и во вечерните часови кога нема услови за санација на истиот, во тој случај водата ќе биде затворена во зависност од потребата и дефектот ќе се санира нарадниот ден штом за тоа ќе се створат услови.

Член 32

Доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстранување , а поради опасностт од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, Давателот на услугата го врши

веднаш без да прибави одобрение од надлежниот орган, но за превземените мерки писмено го известува органот надлежен за издавање на одобрението.

Во случаите од предходниот став, давателот на услугата задолжително ја известува, Сообраќајната полиција и Комуналната инспекција ,пред да го започне раскопувањето на улицата.

Член 33

Пред активирањето и употребата на водоводната мрежа и објектите во случаите од чл.32 на оваа Одлука, задолжително се врши дезинфекција на сметка на предизвикувачот на штетата, односно дефектот.

## V. ЈАВНИ ЧЕШМИ , ФОНАТАНИ И ХИДРАНТИ

Член 34

Одржувањето на водоводната инсталација на јавните чешми и фонтани паѓа на товар на Давателот на услугата.

Член 35

Сите јавни чешми и фонтани мора да имаат свој водомер, како и обезбеден одводен канал.

Член 36

Од јавните хидранти правните и физичките лица и другите потрошувачи не смеат да земаат вода а по исклучок, и со предходно добиено одобрение од Давателот на услугата со надоместок.

Од одредбите на предходниот став се изземаат потребите на против пожарната служба во случај на гаснење пожар.

Корисникот што ќе го користи хидрантот, по неговата употреба должен е истиот да го остави во исправна состојба, а за евентуални негови оштетувања веднаш да го извести давателот на услугата , а сторената штета да ја надомести .

## VI. НАДОМЕСТОК ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА

Член 37

Надоместокот-цената за испорачаната вода за пиење се изразува во ден/м$^3$.

Определувањето на висината на надоместокот-цената на водата се врши по соодветна методологија од страна на Давателот на услугата согласно законот, а со предходна согласност на основачот.

Член 38

Во зграда со повеќе корисници на еден водомер, корисниците се должни да определат претставник на заедницата на станари, кои ќе ги претставува корисниците, станарите пред Давателот на услугата, ќе се грижи за извршување на сите права и обврски што произлегуваат од користењето на водата, а се регулирани со посебен договор помеѓу Давателот на услугата и корисникот.

Секој Корисник на услуга е должен да склучи договор со Давателот на услугата, со кој ќе се регулираат правата и обврските, кои произлегуваат од снабдувањето и користењето на водата за пиење

Член 39

Надоместокот за користење на водата, се утврдува според потрошената количина по водомер.

Член 40

Количината на потрошена вода се мери со водомер.

Водомерите мора да се прописно монтирани, баждарени и прописно пломбирани.

Типот и димензијата на водомерот го определува давателот на услугата, согласно законот, со тоа што истите треба да бидат верифицирани.

Член 41

Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и сл, корисникот на услугата е должен во рок од 3 дена од констатирањето на дефектот да го извести Давателот на услугата.

Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и сл. и не може да се утврди потрошената количина на вода , до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на тримесечна просечна потрошувачка пред констатирањето на неисправноста на водомерот.

Ако во случаите од предходниот став ,а по истекот на трите месеци, Корисникот на услуга не постави исправен водомер, во тој случај Корисникот на услугата ќе плаќа по 15 м3 месечно по член. По истекот на рокот Давателот на услугата има право да го замени водомерот на сметка на Корисникот на услугата.

Кај правните лица, ако поради неисправност на водомерот не може да се утврди потрошената вода , во тој случај истата ќе се утврди според соодветно потрошната вода во сезонското трошење од предходната година.

По истекот на три месеци од констатирањето на неисправниот водомер, Давателот на услугата има право да го замени водомерот на сметка на правното лице-Корисникот на услугата.

Член 42

Корисниците се должни на овластениот работник од Давателот на услугата, да му овозможи непречено читање на водомерот.

Ако заради пречки од Корисникот на услугата, овластениот работник не може да изврши редовно читање на водомерот, ќе достави писмена опомена во која ќе го означи денот и часот на дополнителното читање на водомерот.

Ако и во тој случај неможе да изврши читање на водомерот, потрошената вода ќе ја процени паушално, а точното пресметување ќе се изврши со следното редовно читање.

Член 43

Читањето на водомерите за потрошената количина на вода за пиење се врши од овластени работници, на начин и во утврдени термини, од страна на Давателот на услугата

Член 44

Услугите за користење на вода се откажуваат со писмен поднесок до давателот на услугата, седум дена пред престанокот на користењето.

Во случај поранешниот сопственик, односно корисник да го напуштил станот, истиот е должен да го пријави лицето што ќе користи вода, заради евидентирање и плаќање на надоместокот, во спротивно надоместокот до таквото пријавување ќе го сноси поранешниот сопственик , односно корисник.

Член 45

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето на водата во следните случаеви:

1. Кога Корисникот на услугата и по предходна писмена опомена не ја исполни обврската за плаќање на надоместокот.
2. Ако настани поголемо оштетување на водоводните уреди во имотот, а со цел да се отстрани оштетувањето.
3. Ако местото каде се наоѓа водомерот е нечисто, затрупано или се наоѓа на недостапно место или просторија, непрописна шахта, а корисникот не ги отстрани тие недостатоци и по писмена опомена од овластениот работник на Давателот на услугата во рок од 30 дена.
4. По решение на санитарна или градежна инспекција и друг надлежен орган.
5. Ако Корисникот на услуга, без одобрение на Давателот на услуга дозволи приклучување после водомерот на други лица.
6. Ако Корисникот на услуга сам изврши замена на водомерот кој не се поправа во дадениот рок од Давателот на услугата .
7. Ако корисникот на вода е бесправно приклучен на водоводната мрежа.
8. Ако Корисникот на услуга не се придржува на прописите на Советот на општина Битола за начинот на користење на вода при поголем недостаток на вода.
9. Ако Корисникот на услугата бесправно користи вода пред водомер.

Член 46

Прекинувањето со снабдување со вода за пиење , во случаите од предходниот член на оваа одлука, Давателот на услугата го врши според техничките можности и услови за секој конкретен случај.

## VII. ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 47

Заради заштита и безбедност на водоснабдителниот систем се воспоставуваат заштитни зони со посебен режим на заштита согласно законот.

Член 48

Корисниците на услуга се должни водоводните уреди во границите на своите имоти да ги заштитуваат од расипување.

Водоводната шахта мора да биде чиста и сува, а водомерот добро заштитен од смрзнување.

Пристапот кон водомерот треба да биде слободен, за да може да се чита и на него да се работи без тешкотии.

Водоводната шахта не може да се употребува за други цели.

Член 49

Давателот на услугата има исклучиво право да ја отвори и затвори арматурата од двете страни на водомерот.

По исклучок корисникот на услуга може да ја затвори арматурата зад водомерот заради дефект или поголеми поправки на внатрешната инсталација, а пред водомерот само во случај на дефект на водомерот.

Член 50

Ако Корисникот на услуга ја затвори арматурата заради дефекти опишани во предходниот член должен е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа да го извести Давателот на услугата.

Член 51

Кога од разни причини се осети недостиг на вода, Давателот на услуга преку овластени работници можи да изврши преглед над куќните водоводни инсталации, потрошената вода и да дава сугестии и упатства заради рационално трошење на водата.

Ако смета дека водомерот е неисправен, Корисникот на услуга може да побара од Давателот на услуга да изврши преглед на водомерот и контрола на потрошената вода.

Доколку се утврди при прегледот дека водомерот е исправен, трошоците за преглед на водомерот ги сноси Корисникот на услуга Доколку при прегледот се утврди дека водомерот е неисправен, трошоците за прегледот на водомерот ги сноси давателот на услугата, а пресметувањето на потрошената вода за изминатиот период се врши согласно одредбите на член 43 од оваа Одлука.

Член 52

Водата од јавните чешми се користи само за пиење и за куќни и хигиенски потреби. Водата од јавните чешми не смее да се користи за миење на возила, поливање на градини, јавни површини, градежни работи и сл.потреби за кои се троши поголема количина на вода.

Член 53

Во случај на поголем недостиг на вода, давателот на услугата може да му предложи на Советот на општина Битола да донесе уредба со која ќе се пропиши начинот на користење и трошење на водата, ограничување или забрана на поодделни видови на потрошувачи да користат вода (миење на улици, полнење на цистерни, употреба на водоскоци, одржување на против пожарни вежби, вадење на градини и друго) како и начин на спроведување надвор над ограничувањето.

Член 54

Се забранува бесправно користење на водоводот во следните случаеви:

1. Поставување приклучок пред водомерот без одобрение од Давателот на услугата ;
2. Намерно оштетување на водомерот со цел на користење на вода;
3. Отварање на арматурата на уличната линија, кога истата е затворена од страна на давателот на услугата ;
4. Оштетување на пломбите на водомерот и затворачите на истите;
5. Давање на приклучоци на соседните објекти без одобрение од Давателот на услуга и на други објекти без одобрение.

## VII.НАДЗОР

Член 55

Надзорот над спроведувањето на оваа одлука ќе го врши овластениот комунален инспектор на општината, општинскиот инспектор за животна средина и општинскиот санитарен и здравствен инспектор согласно законот.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.08-689/1 од 04.03.1988 год.

Член 57

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.07-2886/5
24.09.2008 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани
во учебната 2007/08 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештјот за работата на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2007/08 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/4
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани
во учебната 2007/08 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2007/08 година, предложен од Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/6
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани
во учебната 2008/09 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2008/09 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/5
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани
во учебната 2008/09 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2008/09 година, предложена од Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/7
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Кирил и Методиј“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2007/08 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/6
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Кирил и Методиј“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2007/08 година, предложен од Училишниот одбор на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/8
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Кирил и Методиј“ Битола
во учебната 2008/09 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2008/09 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/7<br>
26.09.2008 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Кирил и Методиј“ Битола
во учебната 2008/09 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2008/09 година, предложена од Училишниот одбор на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/9
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Даме Груев“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2007/08 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/8<br>
26.09.2008 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Даме Груев“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2007/08 година, предложен од Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/10
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Даме Груев“ Битола
во учебната 2008/09 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2008/09 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/9 — ГРАДОНАЧАЛНИК
26.09.2008 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Даме Груев“ Битола
во учебната 2008/09 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2008/09 година, предложена од Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/11
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Елпида Карамaнди“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Елпида Караманди“ Битола во учебната 2007/08 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/10
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 97 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 63/04, 84/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 24.09.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештајот за работата на
ОУ „Елпида Караманди“ Битола
во учебната 2007/08 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на ОУ „Елпида Караманди“ Битола во учебната 2007/08 година, предложен од Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2886/12
24.09.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Годишната програма на
ОУ „Елпида Караманди“ Битола
во учебната 2008/09 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма на ОУ „Елпида Караманди“ Битола во учебната 2008/09 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 24.09.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2953/11
26.09.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

